БАРАЊЕ
ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Во врска со регионалниот пат Р29173 Неготино- Бесвица, бараме да не известите
-Потегот кој минува низ с.Тимјаник согласно кој проект е изграден/реконстриуран,
-Кога се изведувани последно градежни активности и согласно кој проект
-Дали при изведувањето на градежни работи е поднесен предлог за експропијација и доколку да, да се наведат катастарските парцели за кои е поднесен предлогот согласно Елаборат за нумерички податоци за недвижноста за која се предлага експропријација (да се наведе и бројот, називот и датумот на Елаборатот доколку постои)

**Предмет: Одговор на Барање за пристап на информации од јавен карактер**

Во однос на Вашето Барањето за пристап до информации од јавен карактер ве известуваме дека станува збор за проект од чија што реализација до сега е поминат долг пориод, и Јавното претпријатие за државни патишта не располага со доволен број на информации доставени од Ваша страна за да може да идентификува за кој проект се работи и да утврди дали станува збор за изградба на пат или за рехабилитација на постоечки пат. Од наведените причини Секторот за правни работи, човечки ресурси и општи работи не може да изврши проверка дали имало или не експропријација.